**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 29 став 1 алинеја 20 и член 68 од Статутот на Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија, Централниот одбор на СДСМ на Петнаесетата седница, одржана на 26.12.2023 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за постапката, начинот и критериумите за утврдување на кандидат на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија за претседателските избори 2024 година

**1.** Постапката, начинот и критериумите за утврдување на кандидат на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија на Претседателските избори 2024 година, Централниот одбор на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија задолжително ги регулира со правилник. Целта е:

- Согласно Статутот на СДСМ да се обезбеди транспарентна, легитимна и демократска внатрепартиска постапка;
- Преку таквата постапка да се дојде до најприфатливиот кандидат кој овозможува најголеми изгледи за успех на Претседателските избори 2024 година;
- Поблиску да се определат правата и обврските на сите учесници во постапката;
- Да се обезбеди ефикасност на постапката и нејзино навремено завршување.

По усвојување на Правилникот за постапката, начинот и критериумите за утврдување кандидат на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија, Централниот одбор на СДСМ на истата седница ќе донесе и Одлука за свикување на Конгрес на СДСМ на кој ќе биде утврден кандидатот на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија.

**2.** Кандидатот на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија треба да ги исполнува следните основни критериуми:
Кандидатот на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија, треба да е личност со висок општествен углед, способен за извршување на високи државнички функции, да ужива доверба на членството и симпатизерите на СДСМ и да биде личност која на најдобар начин ќе ја оживотворува политиката на СДСМ и ќе работи на реализација на стратешките приоритети на Република Северна Македонија: полноправно членство во ЕУ, како и меѓународна афирмација и промоција на Република Северна Македонија.

**3.** Согласно овој Правилник, право на предлагање на можни кандидати за Претседател на Република Северна Македонија имаат:

- Месните одбори на општинските организации на СДСМ;
- Извршните одбори на општинските организации на СДСМ;
- Извршниот одбор на ЦО на СДСМ;
- ИО на Градска организација на СДСМ и
- Самокандидирање.

**4.** Евидентирањето на кандидатите за Претседател на Република Северна Македонија, ќе се спроведе на состаноци на месни одбори во општинската организација на СДСМ (во

согласност со член 55 став 1 од Статутот на СДСМ). Претседателот на ОО и претседателите на МО, должни се навремено да ги информираат и поканат сите членови на месниот одбор за денот, часот, местото на одржување на состанокот на МО и тоа преку смс-порака и телефонско известување.

Распоредот за одржување на состаноците по месни одбори јавно се истакнува на огласна табла во ОО и се објавува преку сите средства за информирање (локален портал, партиски фан пејџ, социјални медиуми).

По завршување на состанокот задолжително се изготвува Записник и Листа на евидентирани кандидати за Претседател на Република Северна Македонија , и овие два акти во пишана форма, соодветно потпишани од страна на претседателот на месниот одбор во рок од еден ден по завршување на состанокот се доставуваат до ИО на ОО.

**5.** По спроведувањето на постапката за евидентирање на можни кандидати за Претседател на Република Северна Македонија на состаноците на месните одбори, ИО на ОО изготвува предлог листа од сите евидентирани за кандидати за Претседател на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат основните критериуми од овој Правилник, со право во расправата да предложи и други, нови можни кандидати.

ИО на ОО утврдува листа од сите евидентирани кои ги исполнуваат основните критериуми од овој Правилник, без право на елиминација. Предлог листата утврдена на состанокот на ИО на ОО за Претседател на Република Северна Македонија и записник (пополнет по доставен терк од централата на СДСМ) од одржаниот состанок се доставува до ИО на ЦО со согласност со роковникот.

**6.** Врз основа на Правилникот како и врз основа на Статутот на СДСМ, предвидена е можност за самокандидирање со поднесување на соодветната документација (Биографија/CV, Мотивационо писмо/писмо за намера, Потпишана Изјава за постапување и почититување на Етичкиот кодекс на СДСМ, и изјава за прифаќање на кандидатура за Претседател на Република Северна Македонија), до Извршниот одбор на ЦО на СДСМ.

**7.** ЦО на СДСМ го овластува Претседателот на СДСМ, во координација со највисокото партиско раководство, да формира работна група (да го утврди профилот на членови во работната група) и да ги утврди критериумите за креирање на ранг листа за можни кандидати за Претседател на Република Северна Македонија.

Работната група во својот состав задолжително вклучува надворешни експерти од различни области, а одлучува врз основа на строго утврдени критериуми.

Сите пристигнати предлози за кандидати за Претседател на Република Северна Македонија , се доставуваат за понатамошно разгледување до работната група за дефинирање на ранг листа на можни кандидати за Претседател на Република Северна Македонија. Вака изготвена ранг листа се доставува до ИО на ЦО на СДСМ за нејзино понатамошно разгледување и утврдување.

Извршниот одбор на ЦО на СДСМ расправа и одлучува по доставената ранг листа од страна на работната група. Извршниот одбор на ЦО на СДСМ има право во расправата да предложи и други, нови можни кандидати.

**8.** Централниот одбор на СДСМ, го разгледува предлогот на листата на кандидати за за Претседател на Република Северна Македонија доставен од ИО на ЦО и ја утврдува со гласање и ја предлага до Конгресот на усвојување.

**9.** Конгресот на СДСМ во согласност со деловникот за работа води расправа по предлогот на ЦО на СДСМ и врз основа на гласање избира кандидат на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија .

**10.** ЦО на СДСМ го донесува Роковникот за спроведување на постапката за Кандидатот на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија.

Правилникот и Роковникот се доставуваат до сите ОО на СДСМ.

| Роковник за спроведување на постапката за предлагање на Кандидат на СДСМ за претседател на Република Северна Македонија | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Рок** | **Активност** | **Времетраење** |
| 1 | од 09.01.2024 до 11.01.2024 | <u>Седница на Извршниот одбор на ОО СДСМ во проширен состав (со претседатели на МО)</u><br><br>(Во согласност со член 46 од Статутот на СДСМ)<br>Одржување на седница на Извршниот одбор на ОО СДСМ, на која членовите на ИО ќе го разгледаат и ќе се запознаат со Правилникот за постапката, начинот и критериумите за утврдување на кандидат на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија за претседателските избори 2024 година и Роковник за спроведување на постапката за предлагање на кандидат на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија за претседателските избори 2024 година,<br><br>Напомена: Задолжително огласување на огласна табла во ОО на СДСМ Правилникот за постапката, начинот и критериумите за утврдување на за кандидат на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија за претседателските избори 2024 година и Роковник за спроведување на постапката за предлагање на за кандидат на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија за претседателските избори 2024 година.<br><br>Изготвување на распоред за одржување на состаноци на месните одбори на ОО на СДСМ за евидентирање на кандидати на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија за претседателските избори 2024 година.<br><br><u>Состанок на ИО на Градската организација на СДСМ</u><br><br>Запознавање на членовите на ИО на ГО на СДСМ Скопје со Правилникот за постапката, начинот и критериумите за утврдување на кандидат на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија за претседателските избори 2024 година и Роковникот за спроведување на постапката за предлагање на кандидати на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија за претседателските избори 2024 година | 3 (три) дена |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | од<br>12.01.2024<br>до<br>26.01.2024 | **<u>Состаноци на месните одбори на ОО на СДСМ</u>**<br><br>**Одржување на состанок на МО на ОО на СДСМ, во согласност со Правилникот, за евидентирање на кандидати за за Претседател на Република Северна Македонија за претседателските избори 2024 година . Состаноците на месните одбори ги води претседателот на ОО на СДСМ. Задолжително присуство на функционерите на состаноците од своите месни организации.**<br>**Записникот од одржаните состаноци и евидентираните кандидати за Претседател на Република Северна Македонија од МО се доставуваат најдоцна наредниот ден до ИО на ОО.** | 15<br>(петнаесет)<br>дена |
| 3 | од<br>12.01.2024<br>до<br>21.01.2024 | **<u>Самокандидирање</u>**<br><br>**Објавување на оглас за самокандидирање за кандидат на СДСМ за пртседател на Република Северна Македонија на официјалната интернет страница СДСМ, како и објавување на оглас за самокандидирање во најмалку два дневни весници на македонски јазик и еден дневен весник на албански јазик.**<br>**Самокандидатурите се доставуваат до ИО на СДСМ.** | 10 (десет) дена |
| 4 | 27.01.2024<br>и<br>28.01.2024 | **<u>Седница на Извршен одбор на ОО СДСМ</u>**<br><br>**ИО на ОО на СДСМ, задолжително одржува седница на еден од дадените датуми при што изготвува Предлог листа од сите евидентирани кандидат за претседател на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат основните критериуми од овој Правилник, со право во расправата да предложи и други, нови можни кандидати.**<br>**По одржувањето на ИО на ОО претседателот на ОО на СДСМ најдоцна до 29.01.2024 година, во хартиена форма до ИО на ЦО на СДСМ доставува:**<br>**1. Предлог листа на можни кандидати за Претседател на Република Северна Македонија за претседателските избори 2024 година**<br>**2. Записник од одржаниот состанок на ИО на ОО, за евидентирање на кандидати за Претседател на Република Северна Македонија за претседателските избори 2024 година и**<br>**3. Записници од одржаните состаноци на МО (состаноци на МО за евидентирање на кандидати за кандидати за Претседател на Република Северна Македонија за претседателските избори 2024 година).** | 2 (два) дена |

СДСМ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | 27.01.2024<br>и<br>28.01.2024 | **<u>Седница на Извршен одбор на Градската организација на СДСМ</u>**<br><br>**Утврдување на предлог листа листа на можни кандидати за Претседател на Република Северна Македонија за претседателските избори 2024 година**<br>**По одржувањето на ИО на ГО претседателот на ГО на СДСМ најдоцна до 29.01.2024 година, во хартиена форма до ИО на ЦО на СДСМ доставува:**<br><br>**1. Записник од одржаниот состанок на ИО на ГО, за евидентирање на кандидати за Претседател на Република Северна Македонија за претседателските избори 2024 година** | 2 (два) дена |
| 6 | од<br>29.01.2024<br>до<br>24.02.2024 | - **Консултации со раководства на општински организации и градската организација**<br><br>- **Одржување на седница на ИО на СДСМ на која ке се утврди предлог можна листа на кандидати за Претседател на Република Северна Македонија ЦО на СДСМ која ке достави предлог листа на кандидат на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија на усвојување до Дваесет и седмиот Конгрес на СДСМ**<br><br>- **27 Конгрес на СДСМ** | 27(дваесет и седм) дена |

Скопје, 26.12.2023 година

**Социјалдемократски сојуз на Македонија**
**Претседател**
***Димитар Ковачевски***